**Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari**
**Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

**Бр- No-Nr.** 10-879/10
24.10 **2019 год- berš-viti**
**СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 55/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16), општина Шуто Оризари, на ден 22.10.2019 година, донесе:

## ОДЛУКА

за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ детален урбанистички план за градска четврт С 08 Блок С 08.04 плански период 2019-2020 кој се носи согласно Програма (Ф) урбанистичко планирање и уредување на просторот на Општина Шуто Оризари за 2019 година не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Шуто Оризари - Скопје.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ детален урбанистички план за градска четврт С 08 Блок С 08.04 плански период 2019-2020 година, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: имајќи ги предвид сите просторни, технички и функционални карактеристики како и фактот дека планираните градби во третираниот простор, со намена, се исти како и постојните функции и намени, како и фактот дека за околните детални урбанистички планови претходно се добиени мислења според кои не постојат основни индиции дека тие би можеле да имаат значително влијание врз животната средина на просторот во непосредна околина.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**
**Градоначалник**
**Курто Дудуш**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA MAKEDONIJA
ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ - KOMUNA ŠUTO ORIZARI
ГРАДОНАЧАЛНИК - DIZJAKORO